АЛЕКСАНДАР КРСТАНОСКИ

# РАКОПИСНИТЕ СЛУЖБИ НА СВЕТИ СПИРИДОН ТРИМИТУНТСКИ И СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ ОД МАНАСТИРОТ СВЕТА ПРЕЧИСТА КИЧЕВСКА

## Книжевното наследство на манастирот

Просветата во манастирот *Света Пречиста Кичевска*, како и во останатите манастири со регионално значење, се реализирала главно на три начини: преку црковните богослужби, преку усни поуки пред потесен круг и проповеди во храмот пред верниците на библиски и литургиски теми, и преку писмен збор, т. е. преку книжевна дејност, или „просвета со букви“ како што ја нарекува свети Климент. Во манастирот се практикувале сите овие видови на просвета. Богослужбите се извршувале редовно и од нив не се отстапувало дури ни кога монасите се наоѓале во животна опасност, како што се гледа од записот за пожарот и грабежот во 1558 година. Во манастирот делувало и келијно училиште каде што, меѓу другото, се подготвувале кадри за свештеници и учители за неколку околии. Тука воопшто не заостанувала ни книжевната дејност, условена од литургиските, црковно-правните и проповедничките потреби.[1] Воопшто, следејќи ја традицијата, како и во останатите поголеми манастири, просветата се одвивала на веќе воспоставените начини кои ги употребувал и свети Климент: „со букви“, преку Светите Тајни и христијанските добродетели: братољубие, вера, молитва, пост, смирение, милостина, чистота и љубов.[2]

Колку манастирските монасите биле побројни, толку повеќе се создавала потребата од книги, особено од оние за секојдневна употреба во богослужбите: часослов, псалтир, октоих, житија и други, бидејќи покрај богослужбата во храмот, браќата извршувале и засебни богослужби во своите ќелии, а за тоа биле потребни книги. На почетокот, за да се снабдат со потребните книги монасите препишувале. Ова бил единствениот начин за збогатување на книжевниот фонд сѐ до 17. и 18. век, кога во манастирот почнале да се пренесуваат руски печатени изданија. Но, препишувачката дејност продолжила и подоцна,

---

[1]Петар Илиевски, „Просветната улога на манастирот Света Пречиста“, *Манастир Света Пречиста Кичевска* (монографија), 22.

[2] Јован Таковски, *Просвештението во делата на свети Климент Охридски*, Скопје 2006, 131-205.

на што укажуваат соодветните ракописни преписи на делот кој е оштетен во печатените книги.[3]

Од манастирската библиотека на манастирот *Света Пречиста Кичевска* потекнуваат и се достапни за научно исследување следниве ракописи:*Четвороевангелие1*, *Псалтир*,*Четвороевангелие 2*, *Крнински дамаскин*, *Киевски дамаскин*, *Фрагмент1*, *Фрагмент 2*, *Зброрник со мешана содржина (Брждански дамаскин)*, *Парусија 1*, *Парусија 2*, *Вечен поменик на Васил Икономов*, *Служба (правило) на свети Спиридон Тримитунтски*, *Служба на свети Наум Охридски*, *Тефтер 1* и *Тефтер 2*.

*Акатаистот на свети Јован Претеча* којшто го спомнува Петар Хр. Илиевски во цитираниот текст, а кој всушност е препишан од и на руска варијанта на црковнословенски јазик, од непознати причини не може да се најде во манастирската библиотека и манастирскиот комплекс воопшто.

За жал, многу ракописи и печатени книги исчезнале од различни причини. Еден дел од книгите изгореле во неколкуте пожари што го зафатиле манастирот, а другите биле уништувани од владиците – фанариоти, додека останатото е изнесено и се чува во разни институции надвор од манастирот.[4] Освен ова, голема е и веројатноста дека многу книги биле уништувани од самите монаси, пред манастирот да биде напаѓан од разбојнички банди, а во тие текстови имало и историски податоци за манастирот, а може и грамоти на христијанските владетели.[5]

Ракописите можат да се поделат на три групи: стари ракописи од 15. и 16. век, пишувани со ресавски правопис, понови ракописи од 19. и почетокот на 20. век, пишувани на руска варијанта на црковнословенскиот јазик со примеси на народен говор во објаснувањата и насоките за нивна употреба и, тефтери пишувани на народен говор поретко украсен со црковнословенизми.

---

[3] Петар Илиевски, op. cit., 23.
[4] Ѓорѓи Поп-Атанасов, Илија Велев, Маја Јакимовска-Тошиќ, *Скрипторски центри во средновековна Македонија*, Скопје 1997, 131.
[5] Никола Наревъ, *Монастирь Прѣчиста*, София 1912, 12.

**Службата на свети Спиридон Тримитунтски**

*Правилото на свети Спиридон епископ Тримитунтски* е препис од 1886 година.[6] Текстот на богослужбата е пишуван на руска варијанта на црковнословенски јазик, на хартија 20, 7 х 17, 1 + 17 лист, а од кои 13 – 17 се празни. Се чува во Историскиот архив во Охрид.

Богослужбата започнува со Голема Вечерна: блаженъ мѹжъ..., на господи воззвахъ... 8 стихири, глас 1.: нбⷭ҇ныхъ чинѡвъ радованїє... и другите. На слава, и нынѣ...: бг҃оначалнымъ мановенїємъ... По Входот следува Прокимен на денот и три Паримии. На Литиските стихири, на слава...: преподобне ѻ҆ч҃е..., на и нынѣ...: вертепе блг҃оѹкрасися... На Стиховни стихири, на глас 5.: радѹися архїереевъ правило... и останатите. На слава... глас 2.: ст҃ителеи бж҃ественныи сосѹдъ... на и нынѣ...: се времѧ приближися спасенїѧ нашегѡ... Тропар, глас 1.: собора первагѡ показался єси поборникъ...

На Утрената, на богъ господь... Тропарот на светителот двапати и на и нынѣ...: Богородичен, па катизми. Прв седален, глас 1.: градите вси вѣрнїи воистинѹ..., слава...: спѵридѡне премѹдре..., и нынѣ...: марїє чⷭ҇тное... Втор Седален, глас. 8.: сщ҃енноначалствомъ истиннымъ... слава...: авраановѹ станнолюбномѹ нравѹ ты ѹ҆подобовса..., и нынѣ...: премѹдростъ и слово... По Полиелеите се пеат Тропарите, глас 5.: аггелское множество... и останатите, со припев: блг҃ословенъ єси гⷭ҇ди, наѹчимсѧ спѵрїдѡна пѣти. На слава...: поклонимсѧ оц҃ѹ..., и нынѣ...: живоподателнаа ѹ҆трова твоа... Ако се следи Типикот на светителските празници, пеењето на овие тропари е специфика во богослужбата посветена на овој светител. Следува мала Ектенија и Седален, глас 3.: ѕмїю претворилъ єси..., слава...: цареви и таинникѡвъ..., и нынѣ...: ꙗкѡ дв҃ѹ и єдинѹ въ женахъ... Степени и Прокимен, глас 4.: чⷭ҇тна редъ гⷭ҇демъ..., всякоє дыханїє... Евангелие и 50. псалм, па стихира, глас 4.: преславноє всемѹдре житїє твоє... Светилен: славнѡ краситсѡ днесъ свѣтозарноє торжество... Хвалитни стихири 4, глас 1.: дх҃овнѣ ѹ҆чреждающеся днесъ братїє... и другите. На слава..., глас, 4.: преподобне

[6] Петар Илиевски, op. cit., 30.

о҆́че..., и ны́нѣ...: все оу҆пова́нїе на́ше... Големо Славословие, Тропар и упатства за Литургијата.

Главниот мотив во стихирите на богослужбата на свети Спиридон Чудотворец е, секако, неговата одбрана на догмата на Света Троица на 1. Вселенски собор, пред сè чудото со тулата, но и добродетелите што го краселе како архиереј и подвижник. Од истата причина во иконографијата се слика заедно со свети Николај Чудотворец, кој исто така учествува на 1. Вселенски собор при полемиката со аријаните, а кон тоа придонесла и календарската близина на деновите кои им се посветени.

На крајот од ракописот има запис дека е напишан од страна на Васил Икономов од Лазарополе во 1886 година во месец април, а нацртот на графемите во богослужбениот текст и ракописот на записот го потврдуваат тоа, бидејќи се совпаѓаат со оние на *Вечниот помeник* препишан од страна на истиот писар, познат по своите калиграфски квалитети:
*...Василий А. Икономовъ... въ с. Лазорополе 1886 год. Априлий*

Руската редакција на црковнословенскиот јазик на овој ракопис се претставува преку примерите:

1. ѫ › ꙋ: мꙋжъ л. 1, рꙋками л. 2, премꙋдрїи л. 4, сосꙋдъ л. 6;

2. ѧ › а: чада л. 2, бг҃оначалнымъ л. 3;

3. ѣ › є: премꙋдрость л. 8, преславное л. 10, преподобне л. 12;

4. Правилна употреба на еровите: градъ л. 2, наслѣдникъ л. 5, пѣснь л. 3, предстатель л. 11;

5. Вокализација ъ › о: воꙁвахъ л. 1, вопросилъ л. 2, воистинꙋ л. 7;

6. . Премин на вокалното р › ер: оутвержденїе л. 3, держимомꙋ л. 5, смерти л. 8

7. Под јужнословенско влијание:

-*tj* › щ: ѡсвѧщенъ л. 2, нощїю л. 6;

– *dj* › жд: оутвержденїе л. 5, л. 10, рожденномꙋ л. 9, ꙁиждителѧ л. 10.

Празникот на свети Спиридон Тримитунтски Чудотворец се одбележува на 25./12. 12., а неговото нераспаднато тело почива на островот Крф. Според народните верувања, занаетчискиот еснаф овој светител го смета за заштитник на чевларите, додека, пак,

Марко Цепенков запишал дека свети Спиридон и свети Андонија (се мисли на свети Антониј) биле „да лекуат улаите“. Во Дебарско – кичевската епархија овој светител како домашна слава го празнуваат 37 семејства, најчесто со влашко потекло.[7]

**Служба на свети Наум Охридски**

Ракописот *Служба на свети Наум Охридски* содржи 12 хартиени листа и е напишан на руски црковнословенски јазик. Пронајден е во манастирот *Света Пречиста Кичевска.* Сужбата всушност е запишана во бугарска училишна тетратка печатена во Солун. На насловната страна, каде што вообичаено во тетратките се запишува име и презиме на ученикот и наставен предмет за кој се користи тетратката, стои запис:

слꙋжба ст҃омꙋ наꙋмꙋ охридскомꙋ

писал. свѣщеникъ георги. п҃. ангеловъ

слатино 1904 февруари 25

Богослужбата започнува со Голема Вечерна, на господи воззвахъ... стихири, глас 2.: кiими пѣснєнными... и другите. На слава, глас 6.: премꙋдрости бл҃дать... и нынѣ...: кто тебе... По Входот следува Прокимен на денот и три Паримии.Литиски стихири: ѕвѣздꙋ бг҃освѣтлꙋю... и останатите, на слава...: пр҃пбнє оч҃е..., на и нынѣ...: бл҃жимъ та бц҃є дв҃о... На Стиховни стихири, на глас 5.: радꙋиса мѵсикiи свѣтильничє... и останатите. На слава... глас 8.: молвы житеискiѧ... на и нынѣ...: безнєвѣстанаѧ дѣво... Тропар, глас 4.: мiръ ѡставiлъ еси...

На Утрената, на богъ господь... Тропарот на светителот двапати и на и нынѣ...: Богородичен, па катизми. Прв седален, глас 3.: нынѣ краснѣишiи..., слава...: истиот, и нынѣ...: красоте дѣвства... Втор Седален, глас. 1.: самодѣлатель чꙋдесъ... слава...: истиот, и нынѣ...: марiє честноє... По Полиелеите, следува мала Ектенија и Седален, глас 4..: подражатель апостоловъ..., слава...: истиот, и нынѣ...: оѵдивиса iѡсифъ... Степени и Прокимен, глас 4.: честна пре҃. гд҃емъ..., всѧкоє дыханiє... Евангелие и 50. псалм, па стихира, глас 6.: излiѧса бл҃гдать... Канон со Седален, глас 8.: ꙗко мꙋдръ и быстроꙋмєнъ..., слава:

[7] Игор Никовски, *Македонски слави*, Охрид 2014, 219.

истиот, и нынѣ: небеснꙋю дверъ... Кондак, глас 3.: свѣтлыхъ подвїгъ твоихъ... и Икос: ѡтецъ нашъ..., па Светилен: посѣти хрⷭ҇тосъ..., слава: чꙋдесъ потока..., и нынѣ: бг҃ородителънице марїє... Хвалитни стихири, глас 4.: апостолѡвъ соѡбразныи... и другите. На слава..., глас, 8.: плодъ бⷭ҇жственныхъ трꙋдовъ..., и нынѣ...: вл҃чце прїими... Големо Славословие, Тропар и упатства за Литургија.

На крајот има запис:

попъ георгы п҃: ангеловъ

*свѣщ. Георги попъ ангеловъ отъ село слатино охридско*

*писана 1904 г. месецъ фервори 25 и*

Главен мотив во стихирите посветени на свети Наум Охридски во неговата служба е неговата просветителска дејност како ученик на свети Кирил и свети Методиј и сотрудник на свети Климент Охридски. Но, сепак, акцент се става и на неговиот монашки подвиг, како еден од основоположниците на монаштвото на овие простори.

Руската редакција на црковнословенскиот јазик на овој ракопис се манифестира во примерите:

1. ѫ › ꙋ: сосꙋда л. 1., мꙋжеи л. 2., мꙋчителеи л. 9 ;

2. ѧ › а: чада л. 2.;

3. ѣ › є: прєблажєнє л. 2., прєлєсти л. 9., прєдстатєльницє л. 11.;

4. Правилна употреба на еровите: мїръ л. 6, отецъ л. 9, плоть л. 4, бл҃годать л. 6;

5. Вокализација ъ › о: воскреси л. 8, восхвалю л. 9, возродившаго л. 11;

6. Вокализација ь › є: конєцъ л. 13;

7. Премин на вокалното р › ер: церковь л. 5, мертва л. 9;

8. Под јужнословенско влијание:

- *tj › щ: помощами л. 8., помощница л. 9.;

– *dj › жд: прежде л. 2., оутверждєнїє л. 2., наслаждєнїє л. 10.

Празникот на свети Наум Охридски се одбележува два пати во годината (зимски и летен свети Наум) на 05. 01/23. 12 и 03. 07/20. 06. Култот на овој светител значително е

развиен во југозападниот дел на Македонија, но не како домашна слава, туку повеќе како имenden, особено во Охрид, каде што многумина ги носат имињата Наум, Номе, Номче, Номка и слично.[8]

АЛЕКСАНДАР КРСТАНОСКИ

## РАКОПИСНИТЕ СЛУЖБИ НА СВЕТИ СПИРИДОН ТРИМИТУНТСКИ И СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ ОД МАНАСТИРОТ СВЕТА ПРЕЧИСТА КИЧЕВСКА

*Апстракт*

Покрај постарите ракописи од ресавскиот период и периодот на дамаскините, во манастирот *Света Пречиста Кичевска* се наоѓаат и ракописи од средината на 19. век, главно засебни богослужби и тефтери од манастирската економија. Службите на свети Спиридон Тримитунтски и на свети Наум Охридски припаѓаат на оваа група и се пишувани на руска варијанта на црковнословенски јазик. Постоењето на засебни ракописи за овие служби и потребата тие да се препишат, сведочат дека култот на овие два светитела бил значително распространет во овој крај. Во прилог на ваквото тврдење оди и нивното почитување како домашна слава или именден, особено свети Спиридон Тримитунтски.

[8] Игор Никовски, ob. cit., 71-72.

Бр. 151

1

Мца декемврїя въ ві день.

Правило иже во стыхъ оца нашего Спиридона чудотворца, епкпа тримифунскаго.

На велицѣй вечерни, поемъ блаженъ мужъ. на гди воззвахъ стїхиры, на и.

гласъ подобенъ, нбныхъ чиновъ.

Нбныхъ чиновъ радованїе, и наземлии архїереевъ похвалу, стнникомъ славу Спиридона мудраго, монашествующихъ правило и защитника, цркве утверждение, и учителя вся благославныя, посрамляюща: потребителя арїева, и того пособниковъ: егоже ради сихъ шатанїи хртосъ низложи, имеяй велїю мать. Гдажди.

Нбныхъ чиновъ радованїе, о памяти твоей, стителю хртовъ Спиридоне богомудре. днесь ...

---

ā

## СЛУЖБА

Прпдбному и бгоносному оцу нашему наумъ охрїдскому чудотворцу.

Стїхиры на велицѣй вечерни. гл. ѕ.

Кїими пѣсненными добротами восхвалимъ хрїстоносїи наума сосуда блгодати, красное пріятелище дха, и свѣтлую палату слова, оца же обиталище избраное, троицы пребыванїе всесвѣтлое, въ трїехъ убо лицахъ, единемъ же естествѣ покланяемыя всеблогоговѣйно. иже и проповѣда болгаромъ богомудрїи ... даждь.

Кїими похвалными вѣнцы увяземъ наума – бжественнаго небеснотаинника и проповѣдника сущаго пр... акосла-рѣку бжественныхъ таинствъ. грады нечестїа потопляющую, люди же бжественымъ крещенїемъ очищающую: и каменосердечныхъ сущихъ, вздвизающа